Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр. 01-2223/1
22-04-2020

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), министерот за одбрана, донесе

# ПРАВИЛНИК

**за дополнување на Правилникот за утврдување на висина на плата, додатоци на плата и други надоместоци на вработените во Министерството за одбрана и Армијата кои вршат должности во дипломатско конзуларни преставништва на Република Северна Македонија во странство, меѓународните мисии и меѓународни организации, штабови, команди и мултинационални воени сили**

Член 1

Во Правилникот за утврдување на висина на плата, додатоци на плата и други надоместоци на вработените во Министерството за одбрана и Армијата кои вршат должности во дипломатско конзуларни преставништва на Република Северна Македонија во странство, меѓународните мисии и меѓународни организации, штабови, команди и мултинационални воени сили бр. 01-3787/1 од 19.06.2019 година, по член 11 се додава нов член 11-а, кој гласи:

„Член 11-а

На одбранбените аташеа акредитирани во странство, за месеците април и мај 2020 година им се исплатува плата намалена за 20% од платата утврдена за месец март 2020 година“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил:Арефат Весељи
Одобрил:Драган Николиќ

Бр.

Датум

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА

Радмила Шекеринска – Јанковска